Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа-Institucioni Nacional
МУЗЕЈ-MUZEU
Бр.Nr.: 04 - 29/6
13. 02 2026 год.viti
КУМАНОВО-KUMANOVË

Врз основ на член 45 од Закон за административни службеници ( „Службен Весник на Република Македонија'' бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен Весник на Република Северна Македонија'' бр. 275/19, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), в.д.директор на Национална установа Музеј - Куманово на ден 13.02.2026 година донесе :

# ОДЛУКА
## за вршење на избор на кандидат за административен службеник по Јавен оглас број 1011/2025

1. По јавниот оглас број 1011/2025 за вработување на административен службеник во Национална установа Музеј – Куманово, објавен во дневните весници „ Нова Македонија'', „Вечер'', и „ Коха ‘', како и на интернет страната на Агенцијата за администрација, за вработување на кандидат за работно место Советник за административни, општи и правни работи-Правник, во одделение за административни, општи и правни работи, со шифра на работно место КУЛ 01 02 В01 002 – 1 ( еден ) извршител се избира следниот кандидат :

- **Мартин Бојковски**

2. Оваа Одлука се објавува на интернет страна и на огласна табла на Агенција за администрација.

3. Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето.

***Образложение***

На ден 09.08.2025 година во дневните весници„ Нова Македонија'', „Вечер'', и „ Коха ‘', како и на интернет страната на Агенцијата за администрација беше објавен јавен оглас бр.1011/2025 за вработување на административен службеник во Национална установа Музеј Куманово за работно место Советник за административни, општи и правни работи - Правник, во одделение за административни, општи и правни работи, со шифра на работно место КУЛ 01 02 В01 002 – 1 ( еден ) извршител.

Во врска со наведениот јавен оглас и работното место формирана е Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас со бр.10-2138/9 од ден 21.11.2025 година и Решение за изменување и дополнување на Решението за формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас со број 10-2138/413/3 од ден 28.01.2026 година донесени од страна на директорот на Агенција за администрација.

Комисијата спроведе административна селекција и состави Записник за истата заведен под број 10-2138/10-413/1 од ден 20.01.2026 година со листа на уредни и неуредни кандидати како и ранг листа на кандидати кои ја поминале

административната селекција и листа на кандидати за кои постапката на селекција е завршена. По спроведена административна селекција Комисијата спроведе испит за административен службеник и состави записник за истиот заведен под број 10-413/5 од ден 04.02.2026 година со ранг листа на кандидати кои продолжуваат во трета фаза на селекција и листа на кандидати кои не продолжуваат во третата фаза на селекција. На ден 10.02.2026 година Комисијата спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник и за истото состави Записник заведен под број 10-413/6 од ден 10.02.2026 година со листа на кандидати со кои е спроведено интервју и конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција.

По спроведена постапка од страна на Комисијата, до Национална установа Музеј – Куманово доставена е Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција за вработување и Предлог за вработување на кандидати со најголем број освоени бодови за работно место број по Јавен оглас број 1011/2025 заведен под број 10-413/7 од ден 10.02.2026 година, врз основ на што в.д. директорот изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на Одлуката на веб страницата и на огласната табла на Агенција за администрација.

Куманово
13.02.2026 година

в.д. директор
Марија Живачки

Доставено до :
-Именуваниот
-Архива на НУ Музеј Куманово
-Агенција за администрација

Изготвил : советник за административни, општи и правни работи /Марија Миљуш Божурска